**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и член 29 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13 и 13/14), се доставува

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP
Примено / Pranuar: 25-07-2019

| Орг. единица Njësia org. | Број Numër | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
| --- | --- | --- | --- |
| 03 | 3679 | 1 | |

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. **Вид надзор:** редовен

2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво Вижн БМ-ТВ КАНАЛ ВИЗИЈА ДОО Скопје

3. **Датум на извршување на надзорот:** 25 јули 2019 година

4. **Предмет на надзорот:** Надзорот се врши на исполнувањето на обврската од член 15 став 3 од Законот за медиуми, според која радиодифузерите се должни податоците за сопственичката структура, одговорниот уредник/уредници и за изворите на финансирање во претходната година (реклами, спонзорство, продажба на содржини, услуги обезбедени на трети страни и слично) да ги објават на сопствената програма, најмалку три пати годишно, во ударни термини и снимка од објавата да достават до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во рок од 15 дена од денот на објавувањето.

   Согласно Правилникот за начинот на објавување на податоците за работењето на радиодифузерите („Службен весник на Република Македонија" бр. 30/15), радиодифузерите се должни овие податоци вториот пат да ги објават најдоцна до 30 јуни.

5. **Претходно изречена мерка:** нема

6. **Констатации од надзорот:** Со надзорот е констатирано дека Трговското радиодифузно друштво Вижн БМ-ТВ КАНАЛ ВИЗИЈА ДОО Скопје не ја исполни обврската од член 15 став 3 од Законот за медиуми.

7. **Опис на прекршувањето:** Трговското радиодифузно друштво Вижн БМ-ТВ КАНАЛ ВИЗИЈА ДОО Скопје, во вториот предвиден рок не ги објави на сопствената програма податоците за сопственичката структура, одговорниот уредник/уредници и за изворите на финансирање во претходната година (реклами, спонзорство, продажба на содржини, услуги обезбедени на трети страни и слично) и до Агенцијата не достави снимка од објавата во рок од 15 дена од денот на објавувањето.

8. **Предлог мерка:** Имајќи го предвид констатираното прекршување на член 15 став 3 од Законот за медиуми ("Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13 и 13/14), а согласно член 15 став 6 од овој Закон, се дава следната предлог мерка:

- Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка јавна опомена на Трговското радиодифузно друштво Вижн БМ-ТВ КАНАЛ ВИЗИЈА ДОО Скопје, и во согласност со Упатството за

определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (бр. 01-6039/1 од 20.10.2015 година), да му наложи во рок од 45 дена од денот на приемот на решението за изрекување мерка јавна опомена да го усогласи своето работење со член 15 став 3 од Законот за медиуми; и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали радиодифузерот постапил по изречената мерка јавна опомена (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

***Сектор за стратешко планирање и авторски права***